## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06.11.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5435 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 22 до 31 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Вкупното време на новинарските прилози методолошки селектирани за анализа во периодот од 22 до 31 октомври, емитувани во Дневникот 2 од 19:30 часот, изнесува – 2 часа 36 минути и 51 секунда.

За десетдневниот период од 22 до 31 октомври, емитуван е речиси еден час помалку анализирани новинарски прилози во споредба со вкупните времиња на секој од претходните пет периода од десетдневните мониторинзи. Тоа се должи на честото преклопување директни преноси од спортски натпревари со редовното издание на ТВ Дневникот 2 во програмската шема предвидено за 19:30 часот, а неколку изданија на централната информативна емисија се составени од мошне куси новинарски прилози што методолошки се изделуваат за анализа. Минутажата за други изданија на Дневникот 2 нужно е поместена или за 20 или за 23 часот: Изданието на ТВ Дневникот 2 од 26 октомври е поместено за 19:50 часот поради пренос од кошаркарски натпревар; на 22 октомври (недела) за анализа е земено изданието на ТВ Дневникот 2 од 23 часот, поради пренос од Свечената академија за одбележување на „23 Октомври - Денот на револуционерната борба"; на 23 октомври, поради пренос од ракометен натпревар, за анализа е земено поместеното издание на Дневникот 2 од 20:20 часот; на 30 октомври (недела) поради пренос на кошаркарски натпревар, изданието на централната информативна емисија е поместено за 19:45 часот, а методолошки се издвоени само четири прилога релевантни за анализа.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| Специјално обвинителство | 00:09:40 | 6,16 | % |
| Влада на РМ | 00:18:50 | 12,01 | % |
| ДИК и други органи | 00:11:38 | 7,41 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:28 | 4,12 | % |
| СДСМ | 00:12:58 | 8,26 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:09:59 | 6,37 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:36 | 2,29 | % |
| Други субјекти | 00:24:01 | 15,31 | % |
| Собрание на РМ | 00:01:24 | 0,89 | % |
| Без субјекти | 00:04:27 | 2,83 | % |
| Претседател на РМ | 00:04:47 | 3,05 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:25 | 0,27 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:22 | 3,42 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:08 | 7,74 | % |
| ФРОДЕМ | 00:00:35 | 0,37 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:12 | 3,31 | % |
| Граѓански сектор | 00:12:14 | 7,80 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:34 | 0,36 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:34 | 0,36 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:34 | 0,36 | % |
| Унитети | 00:00:50 | 0,54 | % |
| Левица | 00:01:45 | 1,12 | % |
| Либерална партија | 00:00:47 | 0,50 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:10 | 1,38 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:17 | 0,18 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:08 | 0,72 | % |
| Демократски сојуз | 00:02:10 | 1,39 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:40 | 0,42 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Народно движење за Македонија | 00:00:40 | 0,42 | % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:40 | 0,42 | % |
| Судство | 00:00:19 | 0,20 | % |
| | **Вкупно: 02:36:51** | **100** | **%** |

Уредувачки акцент е ставен врз опширните новинарски извештаи и вестите во низа за формално-правните и за техничките детали од сложената административна процедура што ги утврдува законодавните и извршните релации при документирањето на истражната постапка за случајот „Прислушкување", поведена од Специјалното јавно обвинителство, а ги вклучува надлежностите на Управата за безбедност и контраразузнавање, Министерството за внатрешни работи, Бирото за јавна безбедност, македонските телеком-оператори и „Ериксон", шведскиот производител на комуникациската технологија за потребите на државниот безбедносен систем.

Со нагласен фон од оваа актуелна општествено-политичка тема, што континуирано се провлекуваше и низ поединечните – владејачко / опозициски, сопернички партиски активности на дневно ниво, приоритет во Дневникот 2 на МРТ1 имаа плановите и договорите за коалициски настап на предвремените парламентарни избори. Оттаму и сè поинтензивните вести, извештаи и соопштенија од самопромотивните креирани настани, случувања, преговори и прес-конференции на т.н. „помали политички партии", што излегуваат од вообичаената дневно-информативна практика - квантитативно компензациски, во прв план да се следи полемичкиот однос меѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, иако некои од споменатите облици на нивниот поединечен партиски ангажман беа чисто протоколарни (*на пример: партиски честитки по повод – „23 Октомври - Денот на македонската револуционерна борба"*), односно, воопшто и не промовираа некаква општествено конструктивна замисла или дебата, очекувана за период непосредно пред официјалниот почеток на изборната кампања.

Како важна новинарска тема, обработена преку извештај со експертски коментар - така што да се добие полифоничен приказ релевантни партиски, правнички и политиколошки гледишта - се покажа постапката за оспорување на уставноста на започнатиот изборен процес без решение за диспаритетот на гласачкото тело во шестата изборна единица, постапка покрената од партијата Унитети (Гзим Острени) пред Уставниот суд.

Во информативниот опфат други аспекти од истава правно-политичка тема, влегоа и новинарските вести и извештаи за тековната работа на Државната изборна комисија: отворањето на јавниот увид во избирачкиот список, организацијата на пријавувањето на гласачите и самиот чин на гласање на дијаспората; проблемот со исчезнатите печати за заверка на попишаниот изборен материјал. Паралелно со работата на ДИК, како централен орган за организација на изборниот процес, информативната редакција на Дневникот 2 ги проследи и активностите од почетокот на изборниот мониторинг што го презема граѓанската асоцијација „Мост", но и интерните несогласувања во Министерството за информатичко општество и администрација за различните начини по кои може институционално да се опструира спроведувањето на изборниот процес (*Кирацовски, заменскиот министер во МИОА, ја промовира користа од јавниот повик – „Пријави притисок за фер избори" / МИОА официјално соопштува дека: „Повикот не е во согласност со законските прописи"*).

Со сличен новинарски пристап, преку кој се потенцира плуралитетот политички гледишта за иста, важна општествено-политичка тема, обработен е извештајот „Дуинг бизнис 2017 година", изработен од Светската банка, но и отворените дилеми за висината на државниот и на јавниот долг и за стабилноста на македонскиот банкарски систем, при што се земени предвид експертски ставови, официјалните економски гледишта на македонската политика – Миновски, министерот за финансии, Пешевски, вице-премиерот за економски прашања, но сопоставени со гледиштата на Наумов, дополнителниот заменик-министер за финансии, и на Хоџа, претседателот на Стопанската комора на северозападна Македонија.

Кон крајот на мониторираниот десетдневен период, во фокусот на општествениот интерес влезе и сообраќајниот прекршок на Диме Спасов, дополнителниот заменик-министер за труд и социјална политика, но настанот беше третиран без какви било шпекулации - најнапред преку презентирање клучни поенти од

официјалното соопштение на МВР, од кое цитираните извадоци се држат до презумцијата на невиност, а потоа и преку вести што ги содржат и официјалната изјава на Спасов и партиските реакции за настанот, без какво било коментаторско проблематизирање на настанот.

Во Дневникот 2 на МРТ1 преку вести во низа беше проследена и повеќедневната работна посета што Ѓорге Иванов, претседателот на Република Македонија, ја остварил со државниот врв на Република Србија.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРТ 1 | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Специјално обвинителство | 00:00:13 | 0,39 | % |
| Влада на РМ | 00:05:47 | 10,40 | % |
| ДИК и други органи | 00:03:33 | 6,39 | % |
| СДСМ | 00:07:12 | 12,95 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:09 | 7,47 | % |
| Други субјекти | 00:09:41 | 17,42 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:21 | 9,63 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:43 | 1,29 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:03:18 | 5,94 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:42 | 8,46 | % |
| ДПСМ - Демократска партија на Србите во Македонија | 00:00:17 | 0,51 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:17 | 0,51 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:17 | 0,51 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:35 | 4,65 | % |
| Унитети | 00:00:15 | 0,45 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:04 | 3,72 | % |
| Левица | 00:00:50 | 1,50 | % |
| Претседател на РМ | 00:01:42 | 3,06 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:13 | 0,39 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:35 | 1,05 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:13 | 2,19 | % |
| ВМРО НП - ВМРО Народна партија | 00:00:21 | 0,63 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:17 | 0,51 | % |
| | **Вкупно: 00:55:35** | **100** | **%** |

Од обемниот информативен дел произлезен од проектни активности на граѓански организации или на еснафски здруженија, како и на личности и на организации што во статистиката на извештајов се кодираат во ставката „други субјекти", за одбележување е разговорот со Фуичи Фукуда, професор по економија од Универзитетот „Кејо" од Токио, како говорник на самитот „Македонија 2025", потоа - предизборната граѓанска акција „Ние одлучуваме", меѓународната конференција на ОБСЕ одржана во Скопје, под наслов „Заеднички и координирано против трговијата со луѓе", недоразбирањата околу сопственоста на Влашката црква во Битола, граѓанските апели за подобрување на специјалните медицински третмани за специфични заболувања, предлогот на „Македонската банка за храна" да се донесе закон против фрлањето храна, извештај од дебатата организирана од НВО „Цивил" на тема „Ветувања и злоупотреби во предизборниот период", а забележително место во дневно-информативната програма имаа и социјалната репортажа за животот на

бегалците во прифатниот центар од граничниот премин Табановце, и предлозите за решенија на акутниот проблем на одредени локални самоуправи со депониите што не ги задоволуваат елементарните еколошки стандарди.

## ***Посебни информативни емисии***

### *Дебати*

На 27 октомври премиерно од 20 часот (репризно на 28 октомври од 16 часот, и на 30 октомври од 3 часот по полноќ), во емисијата „Акцент" емитувана е дебата чија основна тема е влијанието на политичката ситуација врз состојбата на македонската економија, а учесници беа: Соња Мираковска од НСДП, Зоран Шапуриќ од ЛДП, Горан Анчевски од ГРОМ, Јован Пејковски од СПМ.

***Сектор за програмски работи***